Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за Локалната самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5/02 ) и член 34 од Законот за Буџети ( Службен весник на РМ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на РСМ бр.244/19, 53/21, 77/21 и 151/21) Советот на Општина Гази Баба на 31та седница одржана на 30.08.2023 година донесе:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА**

**за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА за 2023 година на следниот начин :

| Потпрограма | Потставка | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 401120 | Основни плати - државни службеници | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | -79.400 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421110 | Електрична енергија | -120.600 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 421240 | Течни горива | 0 | 0 | -1.300.000 | 0 | 0 |
| 424220 | Услуги за обезбедување на објекти | 0 | 0 | 1.300.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Бр. 09-6475/47
30.08.2023

Претседател на Советот на Општината
**Дијана Илиевска**

Образложение за
Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на
Општина Гази Баба за 2023 година

Се предлага пренамена на средства во Основниот Буџетна Општина Гази Баба во Програма Е0 – Општинска администрација, Подставка 421110 – Електрична енергија, која се намалува за 120.600.00денари, Подставка 402110 – Основни придонеси за ПИО, која се намалува за 79.400.00денари а се пренаменуваат на Програма Е0 – Општинска администрација, Подставка 401120 – Основни плати – државни службеници во износ од 200.000,00 денари.

Овие средства во висина од 200.000 денари се пренаменуваат, согласно општиот колективен договор за јавниот сектор поради зголемување на основна бруто плата за 10% на државните службеници, започнувајќи со исплатата на платата за месец септември 2023 година.

И сепредлагапренамена на средства во Буџет на дотации каде што во програмата Н1 за основно образование од блок дотации подставка 421240 - течни горива се намалува за 1.300.00,00 денари, а за истиот износ се зголемува подставка 424220 – услуги за обезбедубање на објекти.

Овие средства во висина од 1.300.000,00 денари се пренаменуваат од причина што јавната набавка за услуги за обезбедување на основните училишта веќе еднаш е поништена поради добиена повисока цена од проценетата вредност на јавната набавка. Постапката е спроведена повторно и е добиена најповолна понуда исто така повисока од проценетата со што се јавува потреба од повторно распишување на истата.

**СЕКТОРЗАФИНАНСИСКИПРАШАЊА**